# ПРИЈАВУВАЊЕ ИСПИТИ ЗА ВТОРАТА ИСПИТНА СЕСИЈА ЈУНИ 2024

## Испитна сесија
**3.6.2024 – 5.7.2024**

## Прва декада
**3.6.2024 – 18.6.2024**

**Во првата декада се полагаат испити од непарните, зимски семестри**

**Втора декада**

**19.6.2024 – 5.7.2024**

**Во втората декада се полагаат испити од парните, летни семестри**

**15.5.2024 – 30.5.2024 до 23:59 - електронско пријавување испити**

**Од 31.5.2024 – казнен рок за пријавување***

**Редовните студенти се должни да земат потписи од предметните професори за предметите од летниот семестар од академската 2023/2024 година. Студентите кои нема да добијат потпис од предметниот професор не може да пристапат на испит во јунската испитна сесија.**

**Студентите кои што имаат презапишани предмети во летниот семестар од академската 2023/2024 година, а редовно ја следеле наставата им следува потпис.**

**Во периодот од 20.5.2024 година до ден пред испит студентите се должни пополнетите пријави за јунската испитна сесија за сите испити кои ги пријавиле да ги достават за заверка во Одделението за студентски прашања. По проверка на исполнетоста на условите заверената пријава се враќа на студентот, кој е должен заверената пријава да ја носи со себе на денот на одржување на испитот и да ја предаде на професорот.**

**Право на пријавување и полагање испити во јунската испитна сесија имаат само студентите кои последно го имаат запишано летниот семестар за учебната 2023/2024 година.**

**Студент што полагал испит без последно запишан летен семестар за учебната 2023/2024 година подлежи на дисциплинска одговорност и испитот ќе му биде поништен во дисциплинска постапка.**

**Студентите што нема да пријават испит во предвидениот рок немаат право на учество во испитната сесија, освен со посебно овластување од студентската служба.**

*** Во казнениот рок пријавувањето на испитите чини 500 денари по пријава, на ПП50 уплатница и истите ги приложувате во студентската служба.**

**Редовните студенти кои немаат потпис од предметните професори за предметите од летниот семестар за учебната 2023/2024 година, може да заверат пријава во Одделението за студентски прашања и да пристапат на испит со уплата од 500 денари по пријава.**

**РАБОТНО ВРЕМЕ НА СЛУЖБАТА ВО ПЕРИОДОТ НА ИСПИТНАТА СЕСИЈА Е:**

**11:00 – 15:00 часот.**

**ВО СЛУЧАЈ НА ПРОБЛЕМИ ПРИ ЕЛЕКТРОНСКОТО ПРИЈАВУВАЊЕ ВО РОКОВИТЕ ПИШЕТЕ НА: ekts.sluzba@gmail.com**

**ВЕ МОЛИМЕ ПРЕД ПРИЈАВУВАЊЕТО ДА ГИ РЕГУЛИРАТЕ ФИНАНСИСКИТЕ ОБВРСКИ КОН ФАКУЛТЕТОТ**

**Се известуваат студентите дека е строго забрането да се вршат корекции на пријавите за испит (корекции со коректор, пенкало кое се брише и сл.) како и да се користат пријави од претходните испитни сесии. Во случај да се констатира ваква неправилност студентот подлежи на дисциплинска одговорност.**

**ВАЖНО: Студентите запишани во академската 2016/2017 година должни се да ги завршат своите обврски согласно студиската програма до 30.9.2024 г.**